Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 16**

**15.12.2017**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**За објавување на ОДЛУКА за кофинансирање на проектот**
**"Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад"**

1.Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проектот „Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад" донесена на итна седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.12.2017 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-945/1 Општина Демир Хисар**
**15.12.2017година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

42. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 91 став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.12.2017 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
за кофинансирање на проектот
**"Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад"**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Демир Хисар да учествува со кофинансирање на проектот **"Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагониски плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад"** во износ до 307.000,00 денари.

Член 2

Општина Демир Хисар за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 307.000,00 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општината за 2018 година.

Член 3

Проектот преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион се поднесува до Бирото за Регионален развој за користење на средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој во 2018 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-956/2 Совет на општина Демир Хисар
13.12.2017 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за кофинансирање на проектот „Заштита на животната средина и туристичките потенцијали во Пелагонискиот плански регион преку набавка на возила за собирање на комунален отпад"-----1

**Издава:**
**Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка:**
**Виолета Пајковска**